ГОДИШЕН ЗБОРНИК
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ
Историско-филолошки оддел
Книга 5 (1952), № 4
ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE
Section historico-philologique
Tome 5 (1952), № 4

Јов. Ф. Трифуноски

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОТЕКЛОТО И МИГРАЦИИТЕ НА ПОЕДИНИ АЛБАНСКИ РОДОВИ ВО СЕВЕРОЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

Jov. F. Trifunoski

# DONNÉES SUR L'ORIGINE ET LES MIGRATIONS DE QUELQUES FAMILLES DE LA MACÉDOINES DE NORD-OUEST

Скопје — Skopje
1952

ЈОВ. Ф. ТРИФУНОСКИ

# ПОДАТОЦИ ЗА ПОТЕКЛОТО И МИГРАЦИИТЕ НА ПОЕДИНИ АЛБАНСКИ РОДОВИ ВО СЕВЕРОЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА

На г. Д-р. Боривоје Ж. Милојевиќ по повод неговата четириесетгодишна научна работа

По Втората светска војна имав прилика да вршам географски екскурзии низ поедини делови од Северозападна Македонија. Во споменатите предели, освен прибирањето на други стручни податоци, бележев и сè она што се однесува за потеклото и миграциите на поедини албански родови.

На ова место изнесувам еден дел од тие податоци кои ми се добро проверени. Они се однесуваат за осумдесет денешни албански родови со вкупно 1.172 куќи. Секој изнесен род преставува во исто време и пример за извесна група од други албански родови населени во Северозападна Македонија.

*Азизовци* (8 к.), живеат во полското село Горно Лисиче близу Скопје.[1]) По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Од споменатата старина најпрво дошле во село Заскок кај Урошевац каде живеале до 1927 година. Во Лисиче прешле наведената година на покана од Наџи бега од Скопје, кој им продал чифчиска земја.

*Ајдалар* (4 к.), живеат во село Смесица кое лежи на утокот од Кадина Река во Вардар. Со потекло се од фисот Тсач во Северна Албанија. Во Смесица се сметаат како први селски доселеници. За родот Ајдалар се кажува да потекнува од два брата кои дошле како католици. Браќата се викале Дуѓан и Хода.[2]) Еден од нив имал син Ајдар, по кого родот добил име. Ајдар е предок од пред пет појаса: Рустем, жив 56 години—Елмаз—Бектеш—Реџеп—Емин—Ајдар. Имаат три отселени фамилии во Мала Азија (во Измир).

---

[1]) Родовите се поредени по азбучен ред на нивните презимиња.

[2]) Се кажува да предокот Дуѓан на синорот од село Смесица ја пресекол ногата. Тоа место сега се вика: Ке преси Дуѓани коме (каде ја пресекол Дуѓан ногата).

*Алиалар* (11 к.), живеат во село Света Петка во поречието на Маркова Река. Они се поисламени па поалбанчени Македонци. Населението од овој род за своето потекло го кажува следново. Од село Жировница во Долна Река (поречието на Радика), каде им е старината, преди околу 140 години тргнале на селидба тогаш поисламени блиски роднини Скендер и Алил, кои говореле македонски (велат „торбешки"). Они се населиле во село Говрлево недалеку од Маркова Река. Во Говрлево Скендер се вратил во православна вера, а Алил не сакаикі да живее меѓу христијани, се преселил во соседното село Света Петка во кое пред тоа се населиле неколку муслимански Албанци. Живејќи меѓу Албанци населението од родот Алиалар до денес потполно се поалбанчило. Алиалар од село Света Петка со православните Скендеровци од Говрлево до скоро се сметале како роднина и меѓусебно се поканувале кога имале свадби.

*Арнор* (11 к.), живеат во село Семениште во Скопски Дервен. Му припаѓаат на фисот Бериш, чија матица се наоѓа во Северна Албанија. Населението од родот Арнор името го добило по селото Арни (Arni или Arnja) од кое се доселило, а кое се наоѓа во северно-албанската област Мердита. Во денешново село Семениште живеат од првата половина на 19 век (Бецет, жив 23 години—Фаим—Бецет—Ибраим—Јашар, еден од предоците кој се доселил). Во Семениште имаат посебна родовска маала. Нивни истовикани соплеменици и роднини од Мердита има преселено во село Горно Блаце во Качаничка Клисура.[3])

*Асови* (12 к.), *Јашарови* (7 к.), *Салаови* (15 к.), *Џаферови* (7 к.), *Османови* (6 к.) и *Дервишови* (7 к.), сега живеат во село Белановце на Кумановска Црна Гора. По потекло се од фисот Гаш во Северна Албанија. Споменативе родови ги основале шест брата чии татко се викал Бело. Бело бил католик и преди околу 180 години со синовите се населил на синорот од село Шашаре (Гњилане) каде ја основал населбата Белановце. Подоцна синовите на Бело од Шашаре го откупиле своето земјиште за 300 јарци, за една гуња, за еден леворвер и за некоа долга пушка.

*Борозун* (15 к.), живеат во село Ласкрце во Скопски Дервен. Со потекло се од Северна Албанија од каде се иселиле на почетокот од 19 век. Родовското име го добиле по некој предок, кој бил трубач во турската војска. Нивните куќи во Ласкрце сега се наоѓаат во маало викано Мезин.

*Бард* (10 к.), живеат во село Долно Блаце во Качаничка Клисура. Со потекло се од северно-албанскиот фис Бериш. Името го добиле по местото на старината (село

[3]) Види Ј. Трифуноски: Качаничка Клисура, Насеља и порекло становништва, књ. 32, Београд 1950, стр. 543.

Бард) во околијата на Скадар. Одтамо предоците Селим и Али, кои биле брака, избегале „од крв“ во првата половина на 19 век. По иселувањето они прво се задржале во село Бардовце кај Скопје. Таму дошле во сукоб со власникот на селото Амзи паша. Затоа основателите на родот, Али и Селим, морале од Бардовце да се иселат. Али прешол во село Горно Блаце (Качаничка Клисура) а Селим отишол во Биљача кај Прешево. Населението од родот Бард не се задржало долго време во спомнатото Горно Блаце, туку оттаму Алиовиот син Синан, околу средината на 19 век, прешол во денешно Долно Блаце.[4])

*Бериише* (16 к.), живеат во село Лисец на полите од Шар-Планина, недалеку од Тетово. По потекло се од фисот Бериш во Северна Албанија. Се кажува, дека нивните стари во Северна Албанија живеале во област викана Аси Сат (Суви Хас) кај Скадар. Тамо биле католици. Во Лисец живеат од пред околу 150 години (Риза, жив 60 години—Мустафа—Зибер—Решат—Максут, кој се доселил). Основателот на родот Максут во Лисец се доселил со своите браќа: Ферат, Шасивар и Алил. Од родот Бериише преку Лисец има иселени фамилии во Тетово (4), во село Топлица во Горни Полог (2) и во село Копаница во Долни Полог (4).

*Болетин* (25 к.), сега живеат во село Седларево на Сува Гора. Потекнуваат од три или четири брата кои дошле од торбешкото село Болетин во Долна Река (поречие на Радика). Населението од овој род понапред говорело македонски додека сега говори само албански. По иселувањето од спомнатата старина прво дошле во село Групчин, па во Глумово (обата села лежат во Скопски Дервен). Како кажува денешното население од родот Болетин, нивните предоци во Групчин и Глумово се плашеле „од жаби“, оти обете спомнати села лежат во низија. Затоа скоро по доселувањето прешле на висија во Седларево. Во Седларево живеат од пред околу 100 години.

*Виљовчиња* (2 к.), живеат во село Јаболце на Мокра Планина. По потекло се од фисот Бериш во Северна Албанија. Родовското име, како се кажува, го добиле по местото на старината во Калис (село Вила — Vila). Се наведува уште дека основателот на родот во Калис грабел девојка и со неа добегал во Јаболце. Предоците од родот Виљовчиња во местото на старината биле католици и затоа овој род во Јаболце другите селани го викаат уште „Латини“. Една фамилија од Виљовчиња преку Јаболце се отселила во Скопје.

*Голобрѓан* (3 к.), живеат во село Церово на планина Жеден. Името го добиле по областа од која се по потекло и која во својот поголем дел сега лежи во Албанија. Од

[4]) Ј. Трифуноски: Нав. дело, стр. 539.

спомнатата старина прво дошле во гостиварско село Чегране, па после прешле во денешно Церово. Основателот на родот во Церово се доселил во првата половина на 19 век. Од него во Церово потекнувал син Шаин (Рамадан, жив 34 години — Зеадин — Исмаил — Шаин) за кого се кажува да бил истакнат човек и да важел „како паша во Скопскиот Дервен". За населението од родот Голобрѓан се мисли дека отспрвин говорело македонски, па после во Церово примило албански јазик и потполно се поалбанчило. Друга одлика на овој род е што се множи слабо.

*Дерала* (66 к.), живеат во гостиваското село Градец. Се делат на неколку родовски гранки чии предоци дошле од областа Хас во Северна Албанија. Од овој род преку Градец има иселувани фамилии по други полошки населби: во Тетово, Жеровјане (1), Челопек (5), Голема Речица (5)· Родот Дерала од Градец познат е во Полог не само по големата разгранатост туку и по тоа што од него потекнувале турски паши. Најстар бил Асан паша. Неговиот син се викал Рецеп паша (живеал до преди околу 80 години), а внук му бил Мемет паша. Последниов живеал во Тетово и држел како чифлици голем број села во Полог и Качаничка Клисура.[5]) Населението од родот Дерала многу го помогало доселувањето на поедини муслимани од Албанија во Полог. Албанци викани Дерала има и во некои села на Косово и во околијата на Прилеп.[6])

*Дерњан* (21 к.), живеат во село Рапоќце во подножието на планина Црна Гора (Кумановска околија). Името го добиле по местото на старината во областа Матја (Северна Албанија). Некое време живеале во околијата на Дебар, па во кумановско село Матејча и од тамо дошле во денешно село Рапоќце (дошол предок Исен преди околу 100 години). За населението од родот Дерњан се кажува дека во турско време било многу силно и да заграбувало имања од други селани.

*Дибран* (14 к.), живеат во село Нераште во Долни Полог. Името го добиле по местото на потеклото. Во Нераште живеат од преди околу 180 години. Во денешното село се сметаат како први муслимански доселеници (Ејуп, жив 60 години—Баки—Шаќир—Баки—Фета—Дурмиш, кој се доселил).

---

[5]) Мемет паша умрел 1913 година во Солун одеjќи на пат за Цариград. Син на Мемет паша е Алим беѓ, кој 1929 година од Тетово пребегнал во Албанија. Не сум можел сигурно да разберам како поединци од овој род станувале паши. Некои стари селани велат дека Мемет паша не бил вистински паша, паша од војнички ред, туку бил само почесни паша.

[6]) Во прилепско село Лажани има албански род Дерала од 7 к. Потеклото му е од Северна Албанија. Кажување на Р. Видојеска, студентка по географија.

*Дибран* (12 к.), живеат во село Вртекица во поречието на Маркова Река. Родовското име го добиле по Долни Дебар (околијата на Пишкопеја) сега во Албанија од каде се доселиле. Во Вртекица живеат од првата половина на 19 век. Имаат четири иселени фамилии во Скопје.

*Дошљак* (2 к.), живеат во село Горно Блаце во Качаничка Клисура. Во Горно Блаце се доселиле пред 60 до 70 годинии од село Вртомица кај Качаник. Во Вртомица се задржувале некое време идејќи на патот од областа Малесија во Северна Албанија. По фисот се Клименти.[7])

*Ѓаче* (10 к.), живеат во село Црвена Вода на Мокра Планина. По потекло се од фисот Гаш во Северна Албанија каде биле католици. Во Црвена Вода дошле преку Косово браќа: Беќир, Асан и уште еден за чие име сегашното население не се сетува. Родовското име Ѓаче го донесле од старината. Во Црвена Вода живеат од пред околу 130 години. Веднаш по доселувањето третиот брат, заради земја, отепал некој Албанец од соседното село Драчевица. Затоа он морал да се исели во село Рамни Габер (исто така на Мокра Планина) и таму основал нов род викан Ѓач, кој сега брои 16 к.

*Ѓуште* (33 к.), живеат во село Копаница во Скопски Дервен. Во спомнатово село они се сметаат како старинци: потекнуваат од православни Македонци кои прешле на ислам во првата половина на 19 век. Најстари нивни муслимански предоци се: Зеќир, Али и Браим од кои потекнуваат денешниве фамилии. Појасите броени назад кај нив се: Неџит, жив 50 години—Селим—Шериф—Али, еден од првите муслимански предоци. Што значи родовското име, денешното население не го знае. Нивните православни македонски гранки кои се иселиле во Кучково (Скопје) се викаат Ѓунтовци (7 к., слават Петковден). Меѓу споменатава муслиманска и православна гранка до скоро се одржувале знатни роднински врски.[7] а)

*Ерем* (25 к.), живеат во село Раович на планина Осој. По потекло се од фисот Тсач во Северна Албанија. Во Раович дошле во првата половина на 19 век браќата Мурат и Демир, од кои се намножиле денешниве фамилии (Авдиљ, жив 25 години—Мурат—Исмаил—Синан—Мурат, еден од браќата кој се доселил). Населението од родот Ерем во Раович има оделна родовска маала. По една нивна иселена фамилија сега живее во Матка кај Скопје и во Добрце кај Тетово. Родот Ерем меѓу населението од околните села познат е по крвна освета: од овој род многу мажи изгинале во разни борби поради „крв".

---

[7]) Ј. Трифуноски: Нав. дело, стр. 543, 544.

[7а]) Овие податоци ги имам забележени во селата Кучково и Копаница.

*Жупање* (12 к.), живеат во село Чегране кај Гостивар. По потекло се од село Жупање (Županie) во Булчиза (Северна Албанија). Од старината прво се населиле во село Србиново во подножието на Букоиќ, каде имаат истомени роднини, па после дошле во Чегране.

*Имиште* (11 к.), живеат во село Јажинце кое лежи на граница меѓу Долни Полог и Качаничка Клисура. По потекло се од местото Ујмиште (Ujmište) во Љума (Северна Албанија). Таму му прападнувале на фисот Бериш[8].) Во Јажинце живеат од пред околу 150 години (Садик, жив 65 години—Емин—Ајет—Фејзо—Мамут, кој се доселил). Пред да се населат во Јажнице предоците на родот Имиште некое време живеале во село Дубрава на Косово.

*Исаве* (14 к.), живеат во село Виштица кај Куманово. По потекло се од местото викано Арни во Северна Албанија. Овде дошол основателот на родот Саит (Исо), предок од четвртиот појас, пред околу 120 години. Рамиз од родот Исаве набројува во Виштица татко Шериф, дедо Јаја, после Фејзула и Саита кој се доселил. По местото на старината населението од родот Исаве познато е во Виштица и под името Арнор.

*Калис* (14 к.), живеат во село Малчиште кое лежи во средниот тек на Маркова Река. По потекло се од областа Калис во Северна Албанија (велат од село Тимија). Основателот на родот Калис бил предок Мето. Он се доселил во Малчиште како предок од пред три појаса.

*Камберовци* (2 к.), живеат во село Барово на Гребенот од Водно. По потекло се од долно-дебарскиот крај (околијата на Пишкопеја). Заради тоа понапред Македонците од Барово нив ги викале и уште Дебарчани. Од спомнатата старина тргнале два брата од кои еден се населил во Зелениково (Таорска Клисура) како субаша на чифлик, а другиот брат дошол во Барово. Основателот на родот Камберовци во Барово се населил за време на Хамзи паша скопски (Демир, жив 80 години—Беќир—Камбер, кој се доселил). Камбер во Барово станал „сејмен": за платата што му ја давале Македонците тој ги пазел селските христијани и нивните храмови (манастирот и црквата) од пљачкаши и од разбојници. После тоа населението од родот Камберовци во турско време се засилило и почнало со убиства и други зулуми да иселува поедини македонски жители и да се шири на нивното земјиште. Камберовци до 1944 година нараснале на 8 куќи. Спомнатата година некои нивни жители извршиле во Барово палење на македонски

---

[8]) Ј. Цвијиќ не бил точно обавестен кога навел да родот Имиште во Јажинце потекнува од фисот Красниќ (Насеља српских земаља, књ. I, Београд 1902, стр. CCVII—VIII).

куќи. По Втората светска војна, плашејќи се од освета, шест албански фамилии прешле во Скопје.

*Касамовци* (17 к.) и *Рецалар* (19 к.), живеат во село Гургулинце на гребенот од Сува Гора (на секција: Гургурница). По потекло се од село Рибница во Горна Река. Во Гургулинце живеат од пред околу 145 години. Обата рода потекнуваат од предок викан Таир. Таир имал синови Касам и Рецо. Спомнативе родови имињата ги добиле по Таировите синови. Нивната генеалогија по една линија е следната: Јусуф, жив 25 години—Имер—Садик—Мето—Рецо—Таир, кој се доселил. Се кажува, дека на Таира Хамзи паша од Скопје му давал земја да се насели во село Шишево или во некое друго полско село кај Скопје. Но Таир „бил мераклија во стока" и затоа дошол на Сува Гора во Гургулинце околу кое постои пространа паша. Кај населението од родовите Касамовци и Рецалар нарочно бил познат Таировиот син Касам Ќаја. Он 1876 година имал околу 12.000 овци, 1000 кози, 114 крави, 400 коњи, 101 овчарски пес итн.[9]) Освен тоа Касам Ќаја имал 100 чобани, чифлици и воденици во македонските села Букурци на Треска (сега раселено), Длабочица на Сува Гора (сега раселено),[10]) во Баровска Сушица кај Скопје. Спомнатиот Касам Ќаја првата половина од зимата со стоката ја проведувал на Рудина десно од клисурата на Треска, а другата половина ја проведувал во Скопска Блатија. Коњите зиме ги хранел на чифликот во Сушица. Касам Ќаја умрел пред околу 65 години. Тогаш неговата голема задруга (ја чинеле Касам Ќаја и неговите три сина) се распаднала и сточарството брзо се намалило. Постоеле неколку големи сточари и во родот Рецалар, на пример Локман ќаја и Ваит ќаја.

*Коваче* (14 к.), живеат во село Долно Добрино во поречието на Кадина Река. По потекло се од фисот Бериш во Северна Албанија. Во Долно Добрино дошле околу средината на 19 век. Се доселиле преку Косово и Качаничка Клисура. Родовското име Коваче велат да го добиле по селото во старината. М. Филиповиќ за населението од овој род запишал да е може би од „поалбанчени Цигани.[11]) Циганско потекло на овој род му припишуваат и некои селани од Долно Добрино.

---

[9]) Упореди Ј. Х. Васиљевић: Скопље и његова околина, Београд 1930, стр. 241; исти: По Тетовској области, Браство XXIX, Београд 1939, стр. 192.

[10]) Ј. Трифуноски: За средновековните села на манастирот св. Андреја крај Треска, Годишен зборник на филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. 4, Бр. 2, Скопје 1951, стр. 9, 13.

[11]) Обичаји и веровања у скопској котлини, Живот и обичаји народни, књ. 24, Београд 1939, стр. 313.

*Ковачe* (24 к.), живеат во село Рашче во подножието од планина Жеден. По потекло се од фисот Бериш во Северна Албанија (од областа Мердита). Во Рашче дошле пред околу 125 години (нивните појаси се овие: Џавид, жив 33 години—Џавид—Мифтар—Рецеп— Асан, еден од предоците кој се доселил). Се доселиле преку Косово и Качаничка Клисура. Родовското име го добиле по некои одамнешни предоци кои биле ковачи. Од спомнатата старина се иселие „четири брата" од кои еден се населил во Рашче, а останатите се населиле во дервенско Ново Село (скопска котлина). Подоцна новоселските доселеници станале „сејмени" на чифликот од Исен бега во Романовце кај Куманово; затоа они тамо сосем се преселиле.

*Колесњан* (16 к.), живеат во село Бојане во подножието на Жеден. Водат потекло „од три брата" кои се доселиле во Бојане на крајот од 18 век. По потекло се од село Колесјан (Kolesjan) во Љума (Северна Албанија) по ошто добиле и родовско име. Во Бојане населението од родот Колесјан основало посебна истоимена маала. Населението од споменатиов бојански род има истовикана родовска гранка која сега живее во село Одри кај Тетово. Една фамилија од родот Колесјан пред три години преку Бојане прешла во долно-полошко село Полатица.

*Латин* (6 к.), живеат во село Драчевица во поречието на Маркова Река. По потекло се од Северна Албанија. Родовското име го добиле по тоа што нивните предоци биле "латини" (католици). Во ислам прешле после доселувањето во Драчевица. После тоа некое време они во верата биле „љарм" (шарени), тоест криптокатолици. Во Драчевица се од пред околу 110 години.

*Лепролар* (51 к.), живеат во село Неготино во Горни Полог. По потекло се од фисот Бериш. Понапред живееле во областа Матја во Северна Албанија. Во Неготино дошле три брата кои во старината „паднале на крв". Подоцна еден од доселените браќа се иселил во соседно гостиварско село Топлица (тамо од него потекнуваат 2 к.) додека другите двајца за стално останале во Неготино: од едниот потекнуваат 27, а од другиот 24 куќи. Лепролари во Неготино се од пред 190 години (Вели, жив 38 години—Јаја—Вели—Јаја—Мамут—Идриз—Зендел, еден од предоците кој се доселил).

*Лика Јаз* (32 к.), живеат во село Врапчиште кај Гостивар. По потекло се од Чаја (Čaja) во Љума (Северна Албанија). Од спомнатата старина во Врапчиште се доселил основателот на родот Алија со своите пет синови. Генеалогијата кај овој род е следна: Насир, жив 32 години—Мицаит—Алим—Ислам—Алија, основател на родот. Се кажува да споменатиот најстар предок од родот Лика Јаз во старината паднал „на крв". Затоа од тамо избегал ноќе со домашни-

те и со сета жива стока. Старото родовско име им е Лика. Но во Врапчиште покрај нивните куќи има јаз и по тоа останало име Лика Јаз.

*Љок* (5 к.), живеат во село Дворце во жеденската клисура на Вардар. По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Во Дворце дошле околу 1926 година од село Котлина во Качаничка Клисура. Подалечното потекло им е од Северна Албанија. Нив во Дворце ги населил сопственикот на чифликот Алим бег. Населението од родот Љок во Котлина кај Качаник има истовикана роднина[12]).

*Љума* (4 к.), живеат во село Глумово крај Треска (Скопско). Родовското име го добиле по областа од која се со потекло во Северна Албанија (Љума). Во Глумово дошле при крајот на 18 век. Во родот Љума денес се наведуваат овие појаси: Тефик, жив 54 години—Јусуф—Сали—Асан—Селим—Дервиш, основателот на родот кој се доселил. Во Глумово куќите на родот Љума се наоѓаат во Горната Маала.

*Љумњан* (30 к.), живеат во село Доброште кај Тетово. Родовското име кажува да се со потекло од областа Љума во Северна Албанија. Сега споменатиот род во Доброште се дели на две гранки, на Бице и на Шаљан.

*Љурес* (19 к.), живеат во село Вешала на гребенот од Шар-Планина. Името го добиле по старината од Северна Албанија (Љура-Lura), Нивните предоци во местото од старината ги опљачкале некои „латини", па затоа они дошле во денешново село како многу сиромашни. Во Вешала живеат од пред околу 150 години.

*Љурци* (28 к.), живеат во село Чајле кај Гостивар. Се доселиле како неколку куќи од областа Љура во Северна Албанија. За овој род *Ј. Цвијиќ* слушал дека предоците им се доселиле „како католици, па подоцна прешле во ислам". Старите луѓе паметат „кога две-три последни католички фамилии ја сmениле верата"[13])

*Љусње* (5 к.), живеат во село Бродец на Шар-Планина. Името го добиле по Љусња (Lusnja) во Северна Албанија од која се доселиле. Во Бродец дошле во текот на 19 век. Куќите им се наоѓаат во маала викана Јусуфлар.

*Љуше* (8 к.) и *Селимлар* (13 к.), живеат во село Палиград на Мокра Планина. Потекнуваат од брака Љушо и Селим, кои се доселиле од Северна Албанија. Нивни родовски појаси се овие: Сулејман, жив 75 години—Беќир—Синан—

---

[12]) Види Ј. Трифуноски: Качаничка Клисура, стр. 522.

[13]) Антропогеографски проблеми Балканског Полуострва, Насеља српских земаља, књ. I, стр. CCVI, CCVIII—IX; Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књ. III, Београд 1911, стр. 1072; упореди за тоа и Материали за изучването на Македония, София 1896 стр. 458, 459.

Љуше, еден од првите доселеници. Према тоа они во Палиград живеат од почетокот на 19 век. Во родот Љуше до 1930 година еден домаќин викан Сали Ќаја бил најголем селски сточар. Имал 300 овци, 200 кози, 100 гоеда, 20 коњи и задруга од околу 30 членови. Задругата на Сали Ќаја 1951 година броеше 26 души, али со стока она тогаш беше знатно посиромашна.

*Мал Зез* (10 к.), живеат во село Ораше во Долни Полог. По потекло се од Малесија во Северна Албанија. Во Ораше дошол предок Адем пред околу 115 години (Алил, жив 55 години—Идриз—Алил—Адем). Доселениот Адем имал четири сина: Исена, Абдула, Идриза, и Алила. Од спомнатите синови потекнуваат денешниве фамили. Родот Мал Зез преку Ораше има и иселени куќи во положките села Слатина (3), Озормиште (2) и во Тетово.

*Матњан* (32 к.), живеат во село Равен кај Гостивар. Името го добиле по обласга Матја (Matja) од коа се со потекло. За населението од овој род се слуша и име Мацукли, велат, по селото во Матја од кое се иселиле. Најстари предоци во родот Матњан се браќа: Сулеман, Авмет и Осман. По иселувањето од Матја на крајот од 18 или на почетокот од 19 век (Демир, жив 60 години Даут—Демир—Џафер—Сулеман, еден од споменатите браќа) нивните предоци прво се населиле во некое село близу Тетово (некои велат во Речица). Но таму не сакале долго да живеат „близо ук'уматот“ (во близината на седиштето од државната власт), па затоа од тамо прешле во денешнава подпланинска населба.

*Матњан* (14 к.), живеат во село Мало Турчане кое лежи во подножието на Сува Гора. Името го добиле по обласга во Северна Албанија од која се доселиле. Во Мало Турчане живеат од пред околу 140 години: Веап, жив 51 година—Керим—Зибер—Сали—Вели, еден од нивните први доселеници. Вели имал брат Сулејман. Од родот Матњан три фамилии преку Мало Турчане се иселиле во Гостивар, а една се иселила во Мала Азија.

*Матњан* или *Мањан* (11 к.), живеат во село Форино недалеку од Гостивар. Името го добиле по обласга во Северна Албанија од која се доселиле. Во Форино живеат од првата половина на 19 век (Зулфи, стар 27 години — Исен — Сали—Џафер—Селим, еден од нивните први доселеници). Од родот Матњан преку Форино една фамилија скоро се иселила во тетовското село Жеровјане.

*Мердат* (10 к.), живеат во село Вруток кое лежи на изворот од Вардар (во маалото викано Меретлии). По иселувањето од обласга Мердита во Северна Албанија (од место Ороши — Oroši) предоците од споменатиов род прво дошле во село Печково на Шар-Планина. Таму долго

не останале, туку слегле во поснископо село Вруток каде основале посебен заселок. Во родот Мердит се знае оваа генеалогија: Сеадин, жив 82 години — Mислим—Асан, еден од предоците кој се доселил од Печково во денешново село. Населението од родот Мердит има свои истовикани соплеменици кои се населени во Ѓаковица[14]).

*Ничпур* (5 к.), живеат во село Патишка на Мокра Планина, Името го добиле по село во Горна Река (поречието на Радика) од кое се доселиле. Подалечното потекло им е од Северна Албанија. Во Патишка живеат од пред околу 100 години: Алил, жив 67 години — Исен—Мемед, основателот на родот кој се доселил.

*Опоје* (10 к.), живеат во село Добрце во Скопски Дервен. Доселени се од областа Опоље во околијата на Призрен и по тоа го добиле денешново родовско име. Подалечната старина им е во Северна Албанија каде, како велат, се викале Канче. Во сегашново село Добрце родот Опоје живее од пред околу 110 години (Ајдар, жив 48 години — Амет—Куртиш—Амет, основателот на родот кој се доселил). Куќи имаат во маала викана Драш. Една нивна фамилија преку Добрце прешла во тетовско село Челопек (како домазетска).

*Пел* (6 к.), живеат во село Диковец на Мокра Планина (поречието на Кадина Река). По потекло се од Чаја (Čaja) во Северна Албанија. Во Диковец се од пред 90 до 100 години: Џавид, жив 62 години—Бајрам—Незир, основателот на родот кој се доселил. Се кажува, да од наведената старина се иселиле три барата. Еден од нив се населил во Диковец, другиот се задржал во соседно село Средно Добрино (и они таму се викаат Пел и бројат 7 к.), додека местото на преселувањето од третиот брат сега не се знае. Две фамилии од родот Пел преку Диковец се отселиле во село Еленоводица (понапрешно Бузелаково) кај Титов Велес.

*Пилелер* (8 к.), сега живеат во село Гумалево на источната падина од Мокра Планина. Таму се доселени од некое место во Северна Албанија. Како го добиле и што значи родовското име, денешното население не знае. Кажуваат само дека е името Пилелер старо и донесено од Албанија. Во Гумалево дошол основателеот на родот Рамадан пред околу 140 години. Појасите назад им се: Фета (жив 20 години) — Бесим—Адем—Зимер—Абдула—Рамадан, кој се доселил. Од родот Пилелер преку Гумалево има иселеници во соседното село Стракојадица (Кравалар 7 к.), во Скопје (2 или 3 куќи, сега „запустени") и во Турција (1 к.). Иселениците во Стракојадица знаат дека во Албанија му припаѓале на фисот Круја Зи.

---

[14]) Ј. Цвијић: Антропогеографски проблеми . . ., стр. CLXLVII.

*Потуровци* (2 к.), живеат во село Балин Дол кое лежи недалеку од Гостивар во подножието на Сува Гора. Една нивна фамилија прешла во Гостивар. Потуровци се гранка од сегашниот православен македонски род кој исто така живее во Балин Дол и се вика Баклевци (14 к., слават Митровден). Во ислам прешол предокот Столе, кој добил муслиманско име Бејто (Назив, жив 40 години—Шефкија—Ајдин—Столе, односно Бејто).

*Прцоке* (10 к.), живеат во село Радуша во жеденската клисура на Вардар. По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Се сметаат како помлади селски доселеници. Во село Радуша дошле преку некои населби кои лежат во Качаничка Клисура.

*Рекалар* (12 к.), живеат во село Чивлак на гребенот од Водно. Таму дошле од село Рибница во Горна Река (поречието на Радика). Од Рибница се иселиле при крајот на 18 век и тогај прво се населиле во полското село Кисела Вода кај Скопје. По кажување, нивните предоци во Кисела Вода живееле само околу една година, па после, по покана од постари албански доселеници, прешле во сегашново планинско село Чивлак. Основателот на родот Рекалар се викал Зендел и до него се паметат овие родовски појаси: Рецеп, жив 65 години — Јонуз—Кадри—Алил—Зендел. Од родот Рекалар две фамилии преку Чивлак се иселиле во Турција.

*Реч Палош* (1 к.), живеат во полското село Полатица во Долни Полог. Они се гранка од родот на познатиот Абдураман паша од Тетово. Реч Палош во Полатица дошле преку Тетово, оти во денешново село имале чифлик. Велат дека е потеклото на овој, за време на Турците многу познат род, од село викано Бицај (Bicaj) во Љума (Северна Албанија).

*Рустемовци* (6 к.), живеат во село Матка кај Скопје. Потекнуваат од предок кој бил православен Македонец. Основателот на родот во втората половина на 19 век прво бил „момок" кај доселените селски Албанци викани Шкека. Тие Албанци момокот го жениле со својa девојка, го помогнале да направи куќа и затоа тој „се потурчил" (Ракип, жив 70 години—Мерсељ—Рустем, основателот на родот кој прешол од православна вера во ислам). Муслиманските Албанци од селата околу Матка и сега со Рустемовци непара склопуваат брачни врски.

*Сенца* (19 к.), живеат во Црни Врв, село во извориштето на Маркова Река. Името го добиле по селото Сенце во Горна Река (поречието на Радика) во кое се задржувале етапно, додека им е подалечното потекло од Северна Албанија. Од Горна Река нивните предоци, се кажува, прво дошле во село Седларево на Сува Гора, па од тамо прешле во сегашнава населба. Во Црни Врв живеат од првата по-

ловина на 19 век. Пред 39 години една гранка од овој род викана Јашаровци прешла на синорот од соседното торбешко село Цветово и таму основале маала викана Стругарска Река.

*Скуре* (20 к.), живеат во село Групчин во Скопски Дервен. По потекло се од областа Матја во Северна Албанија. Оснивателот на родот се викал Мерсељ. Во Групчин се доселил во првата половина на 19 век (Челепи, жив 55 години—Џемаил—Муртезан—Мерсељ, кој се доселил). При иселувањето од Матја патот ги водел преку Дебар. Што значи родовското име денешното население не го знае. За враме на Турците припадниците од родот Скуре држале голем ан недалеку од Групчин на патот Скопје-Тетово и во селото Чивлик (близу Групчин) имале пространа земја.

*Спајилар* (13 к.), живеат во село Липково кај Куманово. По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Во Липково се сметаат како релативно рани доселеници. Името го добиле по еден предок кој бил спаија. Во родот Спајилар до пред неколку години постоела задруга од околу 40 души (Исенови).

*Топојан* (26 к.), живеат во село Ѓермол на Шар-Планина. Родовското име го добиле по местото на старината во областа Љума во Северна Албанија (Topojani). Во Ѓермол живеат од почетокот на 19 век.

*Топојан* (6 к.), живеат во село Првце на гребенот од Шар-Планина. Родовското име го добиле по местото Топојан во Љума од кое се доселиле.

*Топојан* (11 к.), живеат во село Ларце кое лежи во северното подножие на Сува Гора. Родовското име го добиле по местото на потеклото од Северна Албанија. Во Ларце живеат од крајот на 18 век; нивните куќи образуваат посебна маала.

*Тркаљачи* (38 к.), живеат во село Шемшево во Долни Полог. Се доселиле пред околу 150 години од местото Топојан во Љума (Северна Албанија). Населението од родот Тркаљачи има истоимени родовски гранки кои од Љума прешле во полошките села Слатина (49 к.), Доброште и Радуша.

*Труќ* (16 к.), *Кука* (20 к.), и *Осман* (11 к.), живеат во село Руѓинце на Кумановска Црна Гора. Понапред чинеле еден род. По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Од старината се иселиле три брата. Еден од нив се населил во Стари Качаник на Косово, другиот се населил во Гајре во Качаничка Клисура, а третиот пред околу 150 години дошол во Руѓинце на Кумановска Црна Гора. Од неговите синови потекнуваат спомнативе родови[15]).

[15]) Упореди Ј. Трифуноски: Качаничка Клисура, стр. 517, 518.

*Тушевци* (24 к.), живеат во малото село Лопушник кај Гостивар[16]). Потеклото на Тушевци е од Булчиза во Северна Албанија. Од спомнатата старина прво дошле во Србиново (село во подножието на Букоиќ во кое имаат истоимена роднина) па од него прешле во Лопушник. Основателите на родот во Лопушник биле браќата: Мусли, Ислам, и Уко. Тие дошле во Лопушник по покана на македонското население да им бидат „сејмени“ (чувари). Спомнативе браќа се предоци од четвртиот појас (Муарем, жив 83 години—Шакир—Садик—Демир—Мусли, еден од браќата кој се доселил). Од Тушевци преку Лопушник има иселени фамилии: во Гостивар (4) и во горно-полошкото село Долна Бањица (1).

*Фанде* (5 к.), живеат во населбата викана Селце која лежи во долината на Тетовска Бистрица. По потекло се од области Фанди во Северна Албанија. Во Селце живеат од пред 140 години (Сулеман, жив 80 години—Јашар—Ариф—Мемет, кој се доселил). Родот Фанде преку Селце дал иселени фамилии во Тетово и во Мала Азија. Албанците од спомнатиов род имаат истоимена роднина (Фанде, 33 к.), која сега живее во Шипковица на Шар-Планина.

*Фанци* (9 к.), живеат во село Бозовце на Шар-Планина. Дошле од области Фанда во Северна Албанија и по тоа го добиле родовското име. Во спомнатата старина нивните предоци, кои биле двајца браќа, живееле како католици. Подоцна еден од браќата прешол во ислам („се потурчил“) и се доселил во Бозовце, додека братот католик останал во старината. Фанци во Бозовце живеат од средината на 19 век.

*Фичај* (12 к.), живеат во село Ваксинце во подножието на Кумановска Црна Гора. По потекло се од фисот Красниќ во Северна Албанија. Во сегашново село се доселиле во 19 век. Истоимени родовски гранки имаат, како сами велат, во некои села во Полог, Качаничка Клисура и Скопски Дервен.

*Хос* (28 к.), живеат во Ново Село кое се наоѓа во Скопски Дервен. По потекло се од области Хас кај Скадар. Во старината предоците им биле католици. Во Ново Село живеат од пред околу 170 години: Амет, жив 80 години—Сали—Амет—Мустафа—Ибиш, основателот на родот кој се доселил. Преку Ново Село родот Хос дал (после 1918 година) неколку иселени фамилии по полошкото село Жеровјане (сега 7 к.) и во Тетово (3 к.).

*Церени* (21 к.), живеат во село Пирок во Горни Полог. Таму дошле од истовикано село (Cereni) кое се наоѓа во Долни Дебар (околијата на Пишкопеја во Северна Албанија).

*Циле* (14 к.), живеат во село Челопек кај Тетово. Таму се доселиле од некое место во Северна Албанија и тоа на

16) На секција „Гостивар—Кичево“, раз. 1 : 100.000, ова село не е означено.

крајот од 18 век. Од родот Циле за време на тетовскиот Абдураман паша постоел еден истакнат предок викан Алил ага Циле чии конаци и сега се добро очувани во Челопек. Спомнатиот Алил ага учествувал на страната од турската војска во време на ослободителната војна во Грција и тогаш од Јанина довел за жена една Гркинка. Алил ага имал четири брата: Асан ага и други. Денешниве фамилии во родот Циле најмногу потекнуваат од Асан ага. За Алил ага Циле од тетовското село Челопек дава податоци и А. Селишчев во својата работа за Полог. Селишчев истакнува дека Алил ага немал албанско туку словенско (торбешко) потекло.[17])

*Чајан* (5 к.), живеат во село Горно Количане во поречието на Маркова Река. Самото родовско презиме кажува да се по потекло од местото Чаја во областа Љума (Северна Албанија). Од родот Чајан преку Горно Количане има отселени фамилии: во Скопје (3) и во скопско село Батинце (7, тамо се викаат Рушитоски и Саитоски).

*Цине* (16 к.), живеат во село Тисовица на Мокра Планина (поречие на Кадина Река). По потекло се од областа Љума во Северна Албанија. Во Тисовица се од почетокот на 19 век: Абдиљ, стар 70 години—Бајрам—Абдиљ—Таир, основателот на родот кој се доселил со синови. Што значи родовското име Цине, сегашното население не знае. Наведува само дека презимето го донеле предоците од Северна Албанија. Свои роднини, велат, имаат во селата што лежат во околијата на Призрен. Една гранка од родот Цине преку Тисовица прешла во соседно село Вражалце (Цине, 5 к.).

*Шабан Менга* (8 к.), живеат во село Дебреше кај Гостивар. Името го добиле по оснивателот на родот. Доселени се од местото Дарда (Darda) во Љура (Северна Албанија). Од Дарда се иселиле четири брата. Еден од нив се населил во кичевското село Тујин (Калешовци), два се населиле во селото Трново кое лежи во граничниот дел меѓу Горни Полог и Порече, а четвртиот брат дошол во Дебреше каде го основал спомнатиов род.

*Шкека* (17 к.), живеат во село Љубин кај Скопје. Сите домови во овој род потекнуваат „од два брата“ (едниот се викал Ибраим). По потекло се од Дарда во Северна Албанија. Од таму пред околу 140 години прво се населиле во село Матка до Треска (Скопје). Таму брзо се разшириле и од Матка пуштале преселеници за други скопски села: за Глумово, за Љубин, за Ржаничане. Фамилиите кои живеат во Љубин од Матка постепено се иселувале од крајот на 19 век до денес. Населението Шкека во Љубин живее на

---

[17]) Полог, София 1929, стр. 123.

земјиштето кое понапред им припаѓало на некои бегови од Сарај. Заради тоа што живееле во Матка, сега љубинските Албанци таму одат за дрва и ја пасат стоката.

Од досегашново изложување и изнесениве податоци може да се изведе овој краток и општ заклучок за потеклото и миграциите на албанските родови за кои е овде збор.

За пределите кои лежат во Северозападна Македонија дале доселеници фисовите Бериш (Berish), Гаш (Gash), Килмент (Këlment), Красниќ (Krasniq), Тсач (Thaç), по тоа областите Булчиза (Bulčiza), Дибра (околијата на Пишкопеја — Dibra), Калис (Kalisi), Љума (Ljuma), Љура (Lura), Љусња (Lusnja), Малесија (Malcija), Матја (Matja), Мердит (Mirdita), Фанди (Fandi), Хас (Hasi — еден е недалеко од Ѓаковица, а вториот е околу Скадар). Сите спомнати фисови и области се наоѓаат во Северна Албанија.

Потеклото на албанските родови, за кои овде се говори, запазено е во преданиата на населението, а кај многу од нив оно јасно се гледа и по презимињата што ги добиле по областите или селата од каде се доселиле. По областите од кои се со потекло добиле, на пример, презимиња родовите: Матњан, Мердит, Фанде, Фанци, Хос (од Хас), Љума, Љумњан, Љурес, Љурци, Љусње, Мал Зез, Дибран, Калис итн. По селата од кои се доселиле во Северна Албанија носат презимиња родовите: Арнор (село Arnja), Виљовчиња (село Vila), Жупање (село Županje), Имиште (село Ujmište), Церени (село Cereni), Колесњан (село Kolesjan), Топојан (село Topojani), Дерњан (село Derjani), Чајан (село Čaja) и други. Некоји родови носат презимиња и по својте стари фисови, на пример, Берише, Ѓаче.

Албанските родови изнесени во овој прилог во најголем дел водат потекло од предоци кои биле прави Албанци. Но извесен број меѓу нив имале предоци Словени, кои по време на турската власт прешле во ислам и постепено се поалбанчиле. Овие родови во поедини села во Северозападна Македонија можат да се утврдат по традицијата кај населението (се зборува дека понапред биле словенски Македонци) и по карактеристичните презимиња (Торбеши, Потурци и слично). Поалбанчените македонски родови се доселувале од торбешките села во поречието на Радика (од Жировница, Болетин), од Голо Брдо, а некои од нив се староседелци.

Доселувањето на родовите, за кои е збор, во Северозападна Македонија воглавно се извршило релативно во поново време: едни се доселени во втората половина на 18, другите во текот на 19 век, а некои и подоцна. При доселувањето од Северна Албанија повеќето албански родови до денешниве села патот ги водел преку Шар-Планина, Горна Река, Метохија, Косово, Качаничка Клисура и Горна Морава.

Поедини албански родови на патот до своите денешни села имале и миграциони етапи во кои привремено се задржувале. Така Азизовци, кои сега живеат во Горно Лисиче кај Скопје, некое време живееле во село Заскок кај Урошевац. Родот Дошљак, кој сега живее во село Горно Блаце на гребенот од Скопска Црна Гора, некое време пред тоа се задржувал во Вртомица кај Качаник. Родот Мердит по




Карта на Северозападна Македонија со главните правеци (покажани со стрелици) по кои се движеле доселените албански родови.

иселувањето од старината прво живеел во село Печково на Шар-Планина, па подоцна од таму прешол во полско село Вруток, недалеку од Гостивар итн. Трагите од спомнатото етапно мигрирање запазени се и во презимињата на понекои албански родови (Опоје, Сенца, Ничпур и други).

Доселениците од Северна Албанија, за кои се зборува, доаѓале во Северозападна Македонија воглавно како муслимани. Ретко некои се доселувале и како католици, па во сегашниве предели под притисок на останатите муслимани и затоа што биле осамени примале ислам (Ајдалар во селото Смесица крај Кадина Река, Латин во селото Драчевица

на Мокра Планина). После тоа доселувањата се вршеле поединачно, а ретко некогаш и во мали групи кои броеле две до три куќи.

Сите доселени албански родови до денес не се задржале само во селата во кои отспрвин се населиле, туку многу од нив пуштале раселици. Раселиците прејдувале во други поблиски и далечни северно-македонски населби и во градови (Гостивар, Тетово, Скопје, Куманово). Ова внатрешно мигрирање се вршело воглавно од З и СЗ кон И и ЈИ и од висија кон низија. Спомнатите правеци на нивното преселување го покажуваат во едно и патот по кој во Северозападна Македонија се вршело населувањето на главните албански родови.

Кога турската држава 1912 година ја напуштила и Северозападна Македонија тогаш некои Албанци не сакале да останат во селата во кои пред тоа се населиле. Тие се иселувале во Турција. Бројот на овие иселници не е голем.

Овој краток прилог има задаток повеќе од општа природа: да обрне внимание на оваа антропогеографска појава во Северозападна Македонија и да изнесе некои податоци и заклучоци кои можат да послужат како потстрек за идни проучувања во тој правец.

*Jov. F. Trifunoski*

# DONNÉES SUR L'ORIGINE ET LES MIGRATIONS DE QUELQUES FAMILLES ALBANAISES DE LA MACÉDOINE DU NORD-OUEST

*(Resumé)*

Dans cet article l'auteur expose des données recueillies dans des excursions géographiques, qui parlent de l'origine et des migrations de quelques familles albanaises, établies maintenant en Macédoine du Nord-Ouest (voir la carte ci-jointe).

L'auteur constate que ce sont les tribus (fis) Beriš, Ghiaš, Kilment, Krasnik, Tsač qui ont donné des émigrantes pour les régions de la Macédoine du Nord-Ouest, ainsi que les régions Bulčiza, Dibra (district de Piškopeja), Kalis, Ljuma, Ljura, Ljusnja, Malesija, Mat, Merdit, Fandi, Has (l'un se trouve en voisinage de Ghiakovica et l'autre aux environs de Skadar). Tous ces tribus, ainsi que les régions mentionnées se trouvent en Albanie septentrionele.

L'origine des familles albanaises, sujet de cet articele, est conservés dans la tradition de la population, et chez beaucoup d'elles on la voit dans les noms de famille reçus d'après les régions ou bien les villages d'origine. Les familles Matnjan, Merdit, Fande, Fanci, Hos (de Has), Ljuma, Ljumjan, Ljures, Ljurci, Ljusnje, Mal Zez, Dibran, Kalis etc, on reçu leur nom d'après les régions d'origine. Les familles Arnor, Viljovčinja, Županje, Imište, Cereni, Kolsnjan, Topojan, Dernjan, Čajan, et autres, ont reçu leur nom d'après les villages d'origine, qui se trouvent en Albanie septentrionele. Quelques familles portent le nom de leurs anciens tribus (par exemple Beriše, Ghiače).

Le plus grand nombre des familles albanaises, desquelles on parle dans cet article, tirent leur origine des ascendants qui étaient des vrais Albanais. Mais les ascendants de certain nombre de ces familles étaient des Slaves, qui, pendant le règne des Turcs sont devenus musulmans et peu à peu se sont albanisés. Cela peut être constaté chez quelques familles établies dans des villages de la Macédoine du Nord-Ouest d'après la tradition (on dit qu'auparavant elles étaient slaves macédonines) et d'après les noms caractéristiques (Torbeši, Poturci etc). Les familles macédoniennes albanisées imigraient dans le cours de Radika, quittant les vilages habittés par les Torbeši (Žirovnica, Boletin, Golo Brdo).

L'imigration des familles, desquelles on parle, en Macédoine du Nord-Ouest a eu lieu dans un temps plus récent: les unes sont arrivées dans la deuxième moitié de XVIII^e^ siècle, les autres au XIX^e^ siècle, et quelques unes plus tard. La plupart des familles qui venaient de l'Albanie septentrionale dans leurs villages acteuls, suivaient la route qui menait à travers Šar-Planina, Gorna Reka, Metohija, Kosovo et le défilé de Kačanik.

Quelques unes parmi les familles albanaises, avant d'arriver dans leurs villages actuels, faisaient des étapes migratoines où stationnaient quelque temps. Ainsi Azizovci, qui vivent maintenant à Gorno Lisičje près de Skopje, se sont arrêter dans le village Zaskok près d'Uroševac. La famille Došljak, qui habite maintenant dans le village Gorno Blace sur la crête de la montagne Skopska Crna Gora, a stationné quelque temps à Vrtomica près de Kačanik. La famille Merdit, après avoir quitté sa région d'origine, habitait d'abord dans le village Pečkovo dans la montagne Šar-Planina et plus tard s'est établie à Vrutok, un village champêtre près de Gostivar. Les traces des étapes de migration se trouvent aussi dans les noms de quelques familles albanaises (Opoje, Senca, Ničpur etc.).

Les émigrants de l'Albanie septentrionale, desquels on parle dans cet article, venaient en Macédoine du Nord-Ouest surtout come musulmans. Il arrivait plus rarement que quelques familles fussent catoliques,

mais étant isolés parmi la population musulmanes, acceptèrent elles aussi l'islam (Ajdalar, du village Smesica près de Kadina Reka; Latin, du village Dračevica dans la montagne Mokra). Après cela l'imigration se produisait séparément, et quelquefois dans de petits groupes qui cmptaient deux ou trois maisons.

Il faut remarquer que toutes les familles albanaises ne sont pas restées dans les villages où elles s'étaient établies d'abord, mais que plusieurs d'entre elles eurent des descendants qui avaient quitté ces vallages. Ces descendants passaient dans des autres établissements de la Macédoine du Nord-Ouest, ainsi que dans les villes (Gostivar, Tetovo, Skopje). Ces migrations intérierus se produisaient en général de l'Ouest et Nord-Ouest vers l'Est et le Sud-Est, ainsi que du haut des montagnes dans la campagne. Les directions de migrarion indiquent en même temps la voie par laquelle se produisait l'établissement des familles albanaisses principales en Macédoine du Nord-Ouest.

Quand l'empire Otomane quitta en 1912 la Macédine du Nord-Ouest, quelques Albanais ne voulurent pas rester dans les villages où plus tôt ils s'étaient établis. Ceux-ci émigrèrent en Turquie. Le nombre de ces émigrants n'est pas grand.